Врз основа на член 137 од Законот за високото образование (Службен весник на Р. Македонија бр. 82/18), врз основа на член 116 од Статутот на БАС, како и врз основа на член 56 и 57 од Правилникот за условите, критериумите, постапката и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на БАС, Наставничкиот совет на БАС, на редовната 192 седница одржана на 17.06.2021 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

за прифаќање на извештајот од Комисијата за оценка и одбрана на специјалистички труд и определување на датум за одбрана

**Член 1**

Се прифаќа Извештајот за специјалистички труд (дел.бр. 0302-74/10 од 16.06.2021 година) на студентот **Бранко Трајчевски**, со досие бр. 2282 и наслов на трудот **„ Промена на стратегиско планирање за развој на деловните можности во процесот на инкорпорирање на воздухопловите без екипаж во воздушниот простор“,** проф. д-р Маја Кузмановска – ментор, проф. д-р Лидија Стефановска - претседател и проф. д-р Таип Јакупи – член

**Член 2**

За датум на одбраната на специјалистичкиот труд се определува 02.07.2021 година (петок) со почеток во 12:00 часот, он-лајн.

**Член 3**

Одлуката за усвојување на извештајот и датумот за одбрана на специјалистичкиот труд да се достави на студентот, членовите на комисијата и да се објави на интернет страницата на БАС.

**Член 4**

Менторот има обврска завршниот труд да го постави во базата на специјалистички трудови на образовниот портал на БАС, веднаш по одбраната на специјалистичкиот труд.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Директор**

**Проф. д-р Маја Кузмановска**